**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.66**

**И.бр.107/19**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **АД Огражден - во стечај Берово** од Берово со седиште на ул.Борис Кидрич бр.54, засновано на извршната исправа К бр.183/18 од 09.07.2018 на Основен суд Кочани, против **должникот Благица Пашалиска од Берово** со живеалиште на ул.Партизанска бр.12/2-19, за спроведување на извршување во вредност 1.668.848,00 ден., на ден 06.07.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: Недвижен имот запишан во Имотен Лист.бр. 8533 при АКН Берово за КО Берово со следните ознаки:

Лист В:

-Број на катастарска парцела 971, дел 0, адреса,,Партизанска,,бб, број на зграда 1, намена на зграда ,,СТАМБЕНА ЗГРАДА-СТАН,, влез 002, кат 4, број 019, внатрешна површина 48 м2, сопственост
Износ од 698.859.оо денари
-Број на катастарска парцела 971, дел 0, адреса,,Партизанска,,бб, број на зграда 1, намена на зграда ,,ЛОЃИИ,БАЛКОНИ И ТЕРАСИ,, влез 002, кат 4, број 019, внатрешна површина 3 м2, сопственост
Износ од 10.941.оо денари
-Број на катастарска парцела 971, дел 0, адреса,,Партизанска,,бб, број на зграда 1, намена на зграда ,,ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ,, влез 002, кат ПО, број 019, внатрешна површина 6 м2, сопственост
Износ од 26.168.оо денари

која се наоѓа во сопственост на **должникот Благица Пашалиска од Берово** со живеалиште на ул.Партизанска бр.12/2-19 заради наплата на паричното побарување на **доверителот АД Огражден - во стечај Берово од Берово** со седиште на ул.Борис Кидрич бр.54.

Продажбата ќе се одржи на ден 28.07.2021 година во 13:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул. Маршал Тито бр.54/2, Кочани.

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 107/19 од 17.05.2021 година, а намалена на предлог на доверителот изнесува 735.968.оо денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: нема.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

ИЗВРШИТЕЛ
Славе Дончев

Д.-на: Должник
Доверител
Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.